**20260440673**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став (2) од Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/11, 136/11, 91/13, 164/13, 27/14, 112/14, 144/14, 124/15, 149/15, 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 236/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 февруари 2026 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ТРАНСПЛАНТАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2026 ГОДИНА

## I. ВОВЕД

Со Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/11, 136/11, 91/13, 164/13, 27/14, 112/14, 144/14, 124/15, 149/15, 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.236/22), се уредуваат условите под кои можат да се земаат, чуваат, обработуваат, разменуваат, пренесуваат и пресадуваат делови од човечкото тело (органи, ткива и крвотворни матични клетки) од живи или умрени лица заради лекување, условите што треба да ги исполнуваат здравствените установи што вршат работи на земање, чување, обработување, разменување, пренесување и пресадување делови од човечкото тело заради лекување, организацијата и спроведувањето на земањето и пресадувањето делови од човечкото тело, како и надзорот над спроведувањето на овој закон.

Земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување може да се врши само кога е тоа медицински оправдано, кога е тоа најповолен начин за лекување на болниот, кога не се загрозува животот на дарителот или не му се нанесува трајно оштетување на здравјето, во постапка и под услови утврдени со овој закон.

## II. ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

1. Зголемување на бројот на трансплантации на бубрези, срце, црн дроб и на коски и коскени ткива од починато лице.
2. Зголемување на бројот на спроведени несродни и полуидентични трансплантации на крвотворни матични клетки.
3. Проширување на листата на трансплантации од починато лице на васкуларни ткива, отпочнување на подготовки за трансплантација на бели дробови.
4. Зголемување на бројот на доброволни несродни дарители во националниот регистер на хематопоетски матични клетки.
5. Подигнување на свеста кај здравствените работници и кај населението за значењето на донирањето органи и хематопоетски матични клетки и трансплантациите како методи на лекување.

Специфични цели на Програмата се:

1. Зголемување на бројот на трансплантации на бубрези, срце, црн дроб и на коски и коскени ткива од починато лице.

2. Зголемување на бројот на несродни и полуидентични трансплантации на матични хематопоетски клетки.
3. Проширување на листата на трансплантации од починато лице на васкуларни ткива и отпочнување на подготовки за трансплантација на бели дробови.
4. Зголемување на бројот на регрутирани доброволни несродни дарители во националниот регистер на матични хематопоетски клетки.
5. Изградба на систем кој ќе обезбеди и гарантира правичен пристап кон органите и ткивата. Проширување на софтверот за трансплантација со модули за трансплантација на васкуларни ткива и рожница.
6. Одржување на регистри на пациенти со бубрежни, срцеви болести и болести на црн дроб кои имаат потреба од трансплантација.
7. Одржување на базата на доброволни дарители на коскена срцевина и редовно ажурирање на софтверот кој управува со базата.
8. Подигнување на свеста кај населението за донирање на органи, ткива и крвотворни матични клетки.
9. Подигнување на свеста кај медицинскиот персонал од примарното, секундарното и терциерното здравство за донирање на органи, ткива и матични хематопоетски клетки и за значењето на трансплантацијата.
10. Зголемување и идентификација на пациенти со мозочна смрт во правец на органодарителство.

Успешноста на Програмата ќе се оценува преку основните индикатори на исход:

1. Број на извршени трансплантации на органи од починат донор.
2. Број на спроведени несродни и полуидентични трансплантации на хематопоетски матични клетки.
3. Број на пациенти на листите на чекање за орган.
4. Број на идентификувани и на процесирани донори на органи.
5. Број на регрутирани доброволни несродни дарители во македонскиот национален регистар.
6. Број на здравствени и административни работници вклучени во извршување на трансплантацијата кои посетувале соодветна обука од областа на трансплантација.

## III. МЕРКИ, АКТИВНОСТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА УСПЕШНОСТ

Цел 1. Да се зголеми бројот на трансплантации од починато лице.
Цел 2. Да се изгради систем кој ќе обезбеди и гарантира правичен пристап кон органите и ткивата.
Цел 3. Да се зголеми бројот на несродни трансплантации на хематопоетски матични клетки.
Цел 4. Да се зголеми бројот на доброволни несродни дарители во националниот регистар на дарители.
Цел 5. Преку едукативни кампањи да се зголеми свесноста кај медицинскиот персонал и кај населението за значењето на трансплантацијата и органодонорството и да се подигне свеста за донирање на органи, ткива и крвотворни матични клетки.
Цел 1. Да се зголеми бројот на трансплантации од починато лице

Мерка 1. Зголемување на опфатот со ХЛА типизација и други лабораториски и дијагностички испитувања на пациентите кои се подготвуваат за трансплантација од жив дарител и/или починато лице и кои се внесени на Националната листа за трансплантација на бубрег и на срце. Вклучување на редовни анализи за ХЛА антитела 2 за сите пациенти кои се на Националната листа за трансплантација, како и ХЛА типизација и други лабораториски и дијагностички испитувања на донаторите/дарителите на останати органи и ткива (срце, црн дроб, коски, коскена срцевина).

Активности:

1. Селекција и избор на нови пациенти на кои ќе им биде направена ХЛА типизација и ќе влезат на Националните листи за трансплантација.
2. Редовно испитување на ХЛА антителата 2 на пациентите кои веќе се наоѓаат на Националните листи за трансплантација, во координација и соработка со центрите за дијализа.
3. Извршување на ХЛА типизација и други лабораториски и дијагностички испитувања за други органи кои ќе се трансплантираат (срце, црн дроб, бели дробови и васкуларни ткива) од страна на надлежните установи.

Показатели на успешност:

1. Број на нови пациенти на Националните листи за трансплантација на бубрези, срце, црн дроб и рожница.
2. Број на пациенти од Националните листи за трансплантација на бубрези и срце со извршени испитувања за ХЛА антитела 2.

Извршители: ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија, Институт за имунобиологија и хумана генетика и други здравствени установи кои ги извршуваат другите лабораториски и дијагностички испитувања на потенцијалните приматели и на донаторите.

Мерка 2. Започнување со трансплантација на васкуларни ткива, отпочнување на подготовки за трансплантација на бели дробови.

Активности:

1. Надградба на постоечкиот софтвер за електронско водење на документацијата за трансплантација и на Националните листи за чекање во делот на васкуларни ткива и на бели дробови.
2. Зголемување на бројот на тимови за трансплантација од починат донор и зголемување на буџетот за финансиски надомест на овие тимови.

Показатели на успешност:

1. Број на извршени трансплантации на васкуларни ткива.

Извршители: ЈЗУ УК за торакална и васкуларна хирургија, ЈЗУ УК за државна кардиохирургија.

Мерка 3. Зголемување на нивото на обученост и информираност на здравствените и на административните работници кои се вклучени во извршување на трансплантациите.

Активности:

1. Обука на здравствените и административните работници кои се вклучени во извршување на трансплантациите преку учество на обуки, конференции, конгреси и стручни усовршувања во референтни европски центри за трансплантација.
2. Обука на тим за експлантација, трансплантација, анестезиолошки тим и тим за пред и пост оперативно водење на пациенти за трансплантација на бели дробови.
3. Обука на тим за трансплантација на пациенти со механичко срце, во Република Хрватска.
4. Обука на тим од ЈЗУ УК за ортопедија во делот на презервација на ткива и водење на ткивна банка.
5. Соработка на полето на едукација за реализација на ткивни банки.
6. Потпишување и имплементација на Протоколот/Меморандумот за соработка во областа на трансплантацијата со Еуротрансплант и меморандум за техничка соработка со Интернационалната трансплантациска мрежа на Република Турција.
7. Потпишување на Протоколот/Меморандум за соработка во областа на трансплантацијата на крвотворните матични клетки помеѓу надлежните органи на Република Северна Македонија и Република Хрватска.
8. Потпишување и имплементација на Протоколот/Меморандумот за соработка во областа на трансплантацијата со Скандинавиан Трансплант.
9. Учество на редовните состаноци за трансплантација на Европската комисија.

Показатели на успешност:

1. Број на здравствени и административни работници вклучени во извршување на трансплантациите, кои учествувале на некој вид обука, конгрес, конференција, стручен состанок и слично.
2. Број на лекари и специјализанти опфатени со Протоколот/Меморандумот за соработка во областа на трансплантацијата помеѓу надлежните органи на Република Северна Македонија, Република Хрватска и Република Словенија.
3. Број на лекари и специјализанти опфатени со Протоколот/Меморандумот за соработка во областа на крвотворните матични клетки помеѓу надлежните органи на Република Северна Македонија и Република Хрватска.

Извршител: Министерство за здравство

Мерка 4. Одржување и унапредување на системот за координација на процесот на трансплантација во Република Северна Македонија преку финансиска и техничка поддршка на работата на националниот и на заменикот на националниот координатор за трансплантација, како и на „болничките“ координатори за земање и пресадување на делови од човечкото тело. Стимулација и награда за вршење на работите на членовите на тимовите за трансплантација, на лицата одговорни за Регистрите на срцеви и на бубрежни пациенти, како и на координаторите за водење на листите на пациенти за трансплантација на секоја клиника.

Активности:

1. Исполнување на законска обврска за исплата на законски пропишаниот надоместок за вршење на работите на Националниот координатор за трансплантација кој го координира процесот на спроведување на Програмата за трансплантација и обезбедува

координирање на работата на сите субјекти вклучени во спроведувањето на одредбите на Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување.

2. Исполнување на законска обврска за исплата на законски пропишаниот надоместок за вршење на работите на заменикот на националниот координатор за трансплантација кој го координира процесот на спроведување на Програмата за трансплантација и обезбедува координирање на работата на сите субјекти вклучени во спроведувањето на одредбите на Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување.

3. Исполнување на законска обврска за исплата на пропишаниот надоместок за вршење на работите на „болничките“ координатори, кои ја организираат работата во овластената здравствена установа за земање и пресадување на делови од човечкото тело согласно нивните извештаите за реализирани активности и кварталниот учинок.

4. Исполнување на обврска за исплата на надоместок за вршење на работите на одржување на Регистар на срцеви и бубрежно болни пациенти кои би биле кандидати за трансплантација како и одржување на регистар за следење на трансплантирани пациенти, во склоп на Управата за електронско здравство согласно нивните месечни извештаи за реализирани активности.

5. Исполнување на законска обврска за исплата на законски пропишаниот надоместок за вршење на работите на тимовите за трансплантација, кои ја прават подготовката на пациентите, експлантацијата и трансплантацијата во овластената здравствена установа за земање и пресадување на делови од човеково тело по завршена трансплантација.

6. Исполнување на законска обврска за исплата на лица за вршење на стручни и административни работи во делот на Националните листи за трансплантација на бубрези, срце, црн дроб и на коскени ткива на секоја клиника согласно нивните месечни извештаи за реализирани активности.

Показатели на успешност:

1. Број на извршени исплати на надоместокот за вршење на работите на националниот и на заменикот на националниот координатор за трансплантација.

2. Број на извршени исплати на надоместокот за вршење на работите на „болничките“ координатори согласно нивните извештаите за реализирани активности и кварталниот учинок како и пријавени пациенти во мозочна смрт.

3. Број на извршени исплати на надоместокот за вршење на работите на лица ангажирани за одржување на регистар на срцеви и бубрежно болни пациенти кои би биле кандидати за трансплантација како и одржување на регистар за следење на трансплантирани пациенти од Упрвата за електронско здравство, согласно нивните месечни извештаи за реализирани активности.

4. Број на извршени исплати на надоместокот за вршење на работите на лица за вршење на стручнии административни работи во делот на Националните листи за трансплантација на бубрези, срце, црн дроб и на коскени ткива согласно нивните извештаите за реализирани активности.

5. Број на извршени исплати за надоместок на тимовите за трансплантација кои ја прават подготовката на пациентите, експлантацијата и трансплантацијата во овластената здравствена установа за земање и пресадување на делови од човечкото тело по извршена трансплантација.

Извршител: Министерство за здравство

Мерка 5: Создавање на одржлив систем за поддршка и водење севкупна грижа за донаторите/дарителите и трансплантираните пациенти.

Активности:

1. Преземање на финансиски трошоци поврзани со починатото лице како донор заради растоварување на семејството на донорот од плаќање на споменатите трошоци (утврдување на фиксна сума за надомест на трошоците од 30.000,00 денари на секое семејство на донор). Зголемување на вкупната сума за исплата поради зголемениот број на донори на годишно ниво.

Показатели на успешност:

1. Висина на средства исплатени за погребување на донорот.

Извршител: Министерство за здравство

Цел 2. Да се изгради систем кој ќе обезбеди и гарантира правичен пристап кон органите и ткивата

Мерка 1: Надградба на Националниот софтвер за трансплантација во склоп на Мој Термин со модули за трансплантација на васкуларни ткива и на бели дробови. Изготвување на електронски национални листи кои ќе се базираат на транспарентни, објективни и медицински критериуми, како и електронски систем за алоцирање на органи и ткива.

Активности:

1. Надградба на софтверот за трансплантација во склоп на Мој термин и формирање на Национална листа на чекање за бели дробови и Национална листа за васкуларни ткива.

Показатели на успешност:

1. Процент од пациентите со индицирана потреба од трансплантација кои се опфатени со Националната листа на чекање.

Извршител: Министерство за здравство

Цел 3. Да се зголеми бројот на несродни трансплантации на хематопоетски матични клетки.

Мерка 1: Зголемена кампања за едукација на население за придобивките од дарувањето хематопоетски матични клетки

Активности:

1. Организирање на кампања за едукација на население за придобивките од дарувањето хематопоетски матични клетки

Показатели на успешност:

1. Зголемен број на несродни трансплантации на хематопоетски матични клетки

Извршител: Министерство за здравство

Цел 4. Да се зголеми број на регрутирани доброволни несродни дарители во македонскиот национален регистар.

Мерка 1: Зголемена кампања за едукација на население за придобивките од дарувањето хематопоетски матични клетки

Активности:

1. Организирање на кампања за едукација на население за придобивките од дарувањето хематопоетски матични клетки.

Показатели на успешност:

1. Зголемен број на регрутирани доброволни несродни дарители во македонскиот национален регистар.

Извршител: Министерство за здравство

Цел 5. Преку едукативни кампањи да се зголеми свесноста кај медицинскиот персонал и кај населението за значењето на трансплантацијата и органодонорството да се подигне свеста за донирање на органи, ткива и крвотворни матични клетки

Мерка 1: Спроведува на континуирана кампања за подигнување на свеста кај населението за донирање на органи и ткива и крвотворни матични клетки.

Активности:

1. Организирање јавни дискусии, трибини за важноста од донирањето органи, печатење постери, брошури, флаери, беџови и друг материјал за да на поразбирлив начин се објасни што е мозочна смрт, зошто е важно донирање и трансплантација на органи.
2. Тематски разговори и интервјуа со лекари, пациенти и членови на семејствата кои дале согласност да биде пресаден орган од нивни блиски роднини во средствата за јавно информирање – електронски, печатени и на социјалните мрежи (телевизии, радија, весници, магазини, портали).
3. Изработка на едукативен материјал за кампања за подигнување на свеста за органодонорството.
4. Вклучување на избраните (т.н. „матични“) лекари во информирање на пациентите за важноста од донирање на органи.
5. Одбележување на Европскиот ден на органодарителството.
6. Одбележување на интернационалниот ден на несродни дарители.
7. Активност продолжување на Националната кампања „Биди срцевина биди херој”. ЈЗУ УК за хематологија, Институтот за имунобиологија и хумана генетика и Министерството за здравство, во април 2019 година ја започнаа Националната кампања „Биди срцевина биди херој” за подигнување на свеста за дарување на матични

хематопоетски клетки. Таа кампања имаше голем одзив за зголемување на бројот на несродни донори на матични клетки во Националниот регистар на донори. Истата претставува значаен допринос во здравствениот систем на државата.

Показатели на успешност:

1. Број на различни настани (јавни дискусии, трибини, пешачења, маршеви, велосипедски трки, тематски разговори и интервјуа) наменети за зголемување на јавната свест кај населението.
2. Тираж на постери, брошури, флаери, количина на беџови и друг материјал наменет за зголемување на јавната свест кај населението.
3. Број на избрани (т.н. „матични“) лекари вклучени во информирање на пациентите за важноста од донирање на органи.
4. Број на настани во рамки на Европскиот ден на органодарителството.

Извршител: Министерство за здравство

Мерка 2: Спроведување на континуирана кампања за подигнување на свеста кај здравствените работници од примарното, секундарното и терциерното здравство со правните прописи за донирање на органи, ткива и крвотворни матични клетки.

Активности:

1. Изготвување и имплементација на проект за семинари на кои на здравствените работници од примарното, секундарното и терциерното здравство, кои не се директно поврзани во мрежата за трансплантација, ќе им бидат образложени законските одредби кои го регулираат пресадувањето на органи, како и подзаконските прописи со кои детално се уредуваат поединечни делови од оваа област.

Показатели на успешност:

1. Број на одржани семинари.
2. Број на лица учесници на семинарите.

Извршител: Министерство за здравство

Мерка 3: Континуирано стручно усовршување на здравствените работници од областа на трансплантацијата заради подобрување на знаењето и комуникациските вештини и проширување на обуките за тимовите за трансплантација на срце, црн дроб, на рожница, на коски и на коскени ткива.

Активности:

1. Организација и спроведување на обуки за развој на комуникациските вештини и за стекнување нови знаења од областа на трансплантацијата.

Показатели на успешност:

1. Број на одржани обуки.

2. Број на лица учесници на обуките.

Извршител: Министерство за здравство

Мерка 4: Спроведување на континуирана кампања за подигнување на свеста за донирање на органи, ткива и крвотворни матични клетки кај групите за поддршка на пациенти, невладините здруженија на пациенти и новинарите кои можат да бидат вклучени во промоција на придобивките од постапките на пресадување на органи, а понатаму да бидат и промотори за донирањето на органи.

Активности:

1. Организација и спроведување на „брифинзи“ од страна на националниот и заменикот на националниот координатор за трансплантација, „болничките“ координатори и други здравствени работници вклучени во трансплантацијата наменети за групите за поддршка на пациенти, невладините здруженија на пациенти и новинарите.

Показатели на успешност:

1. Број на одржани „брифинзи“.
2. Број на групи за поддршка на пациенти, невладини здруженија на пациенти и новинари опфатени со „брифинзите“.

Извршител: Министерство за здравство

## IV. ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА И ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Извршување на Програмата за трансплантација во Република Северна Македонија за 2026 година

Програмата за трансплантација во Република Северна Македонија за 2026 година се спроведува од страна на:
- Министерството за здравство.
- здравствени установи вклучени во трансплантација, експлантација, дијагниостички и други иследувања.

Финансиски средства

За извршување на Програмата за трансплантација во Република Северна Македонија за 2026 година се потребни следните финансиски средства:

1. Финансиски средства за извршување на ХЛА типизација, ХЛА антитела и други лабораториски и дијагностички испитувања од страна на надлежните установи (плаќање на партиципацијата наместо примателите за 500 пациенти кои се подготвуваат за трансплантација/како и за дарителите на органи, ткива и матични клетки).
2. Финансиски средства за обука на здравствените и административни работници кои се вклучени во извршување на трансплантациите преку учество на обуки, конференции, конгреси и други видови на усовршување (котизација, сместување, превоз). Трошоци за ангажирање на стручни медицински лица кои доаѓаат од еминентни центри од странство од областа на трансплантологијата во ЈЗУ.
3. Финансиски средства за исплата на надоместок за вршење на работите на националниот координатор за трансплантација.

4. Финансиски средства за исплата на надоместок за вршење на работите на заменик на националниот координатор за трансплантација.
5. Финансиски средства за Центар за психолошка помош на лица со трансплантирани органи – ЈЗУ УК за нефрологија.
6. Финансиски средства за исплата на надоместок за вршење на работите на „болничките“ координатори.
7. Финансиски средства за исплата на надоместок за вршење на работите на лицата од Управата за електронско здравство - Мој Термин, одговорни за регистрите на пациентите со терминални бубрежни и срцеви заболувања, како и регистар за следење на трансплантирани пациенти.
8. Финансиски средства за исплата на лица ангажирани за вршење на стручни и административни работи во делот на Националните листи за трансплантација на бубрези, срце, црн дроб и коскени ткива од Јавните здравствени установи.

| | | |
|---|---|---|
| Здравствена установа/Здравствен работник вклучен во подготовка на Национални листи за трансплантација | Број на лица вклучени | Нето месечен износ во денари (се исплаќа еднократно) |
| ЈЗУ УК за нефрологија | -Лекари специјалист по интерна медицина -Медицинска сестра | 9.000,00<br>6.000,00 |
| ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија | Биолог | 8.000,00 |
| ЈЗУ УК за трауматологија, ортопедски болести, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар (ТОАРИЛУЦ) | -Лекари специјалист по интерна медицина -Медицинска сестра | 9.000,00<br>6.000,00 |
| ЈЗУ УК за државна кардиохирургија | -Лекар специјалист по интерна медицина | 9.000,00 |
| ЈЗУ УК за гастроентерохепатологија | -Лекар специјалист по интерна медицина | 9.000,00 |
| ЈЗУ УК за хематологија | -Лекар специјалист по интерна медицина | 9.000,00 |

Надоместокот за лицата се исплаќа врз основа на доставените извештаи од назначените лица од страна на ЈЗУ УК за гастроентерохепатологија, ЈЗУ УК за државна кардиохирургија, ЈЗУ УК за ТОАРИЛУЦ, Институтот за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија, ЈЗУ УК за нефрологија и ЈЗУ УК за хематологија, потпишани и одобрени од директорот на клиниката.

1. Финансиски средства за зголемување на нивото на мотивираност и задоволство на членовите на тимовите за трансплантација од починат донор-кадавер. Вклучување на трошоци за новите тимови за трансплантација на васкуларни ткива, бели дробови.

1.1. Висината на надоместокот за стимулација на тимовите за трансплантација, за секое лице кое учествува во трансплантацијата и за секоја извршена трансплантација (починато лице) изнесува:

| | Трансплантација на органи (бубрези, црн дроб, срце, коскени ткива) од починат донор-кадавер | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Здравствена установа/Здравствен работник вклучен во експлантација/трансплантација | Број на лица вклучени во една експлантација/една трансплантација | Единица мерка | Нето износ во денари (се исплаќа еднократно) |
| | ЈЗУ УК за нефрологија (подготовка на примател/реципиент) | | | |
| 1. | Доктор специјалист по интерна медицина/доктор супспецијалист по нефрологија | 4 | Два приматели/еден дарител | 9.000,00 |
| 2. | Медицинска сестра | 4 | Два приматели | 5.000,00 |
| | ЈЗУ УК за гастроентерохепатологија (подготовка на примател/реципиент) | | | |
| 1. | Доктор специјалист по интерна медицина/доктор супспецијалист по гастроентерохепатологија | 4 | Еден примател/ Еден дарител | 9.000,00 |
| 2. | Медицинска сестра | 1 | Еден примател | 3.000,00 |
| | ЈЗУ УК за кардиологија | | | |
| 1. | Доктор специјалист по интерна медицина/доктор супспецијалист по кардиологија | 2 | Еден примател /еден дарител | 9.000,00 |
| | ЈЗУ УК за урологија | | | |
| 1. | Доктор специјалист по хирургија<br>Доктор специјалист по анестезиологија<br>Доктор специјалист по васкуларна хирургија | 3 хирург оператор<br>3 хирург прв асистент<br>3 хирург втор асистент<br>3 хирург трет асистент<br>2 васкуларен хирург | Експлантација/ Трансплантација-два приматели | 15.000,00 |
| 2. | Медицинска сестра-инструментарка | 3 | Експлантација/ Трансплантација-два приматели | 8.000,00 |
| 3. | Медицинска сестра-помошник инструментарка | 3 | Експлантација/ Трансплантација-два приматели | 6.600,00 |
| 4. | Болничар-транспортер | 3 | Експлантација/ Трансплантација-два приматели | 3.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5. | Центар за трансплантација-медицински сестри | 6 | Трансплантација/ 2 примatели | 5.000,00 |
| | УК за ортопедски болести при ЈЗУ УК ТОАРИЛУЦ | | | |
| 1. | Доктор специјалист хирург по ортопедија | 1 хирург оператор<br>1 хирург прв асистент<br>1 хирург втор асистент | Експлантација/ еден прималел | 15.000,00 |
| 2. | Доктор специјалист хирург по ортопедија, доктор специјалист по анестезиологија | 1 хирург оператор<br>1 хирург прв асистент<br>1 хирург втор асистент<br>1 аснестезиолог | Трансплантација | 15.000,00<br>8.000,00<br>8.000,00<br>15.000,00 |
| 3. | Доктор специјалист хирург по ортопедија, обработка на коскени ткива/ткивна банка/ | 2 | Експлантација/ Трансплантација | 9.000,00 |
| 4. | Медицинска сестра-инструментарка, обработка на коскени ткива/ткивна банка | 2 | Експлантација Трансплантација | 4.000,00 |
| 5. | Медицинска сестра-инструментарка | 2 | Експлантација/ Трансплантација | 8.000,00 |
| 6. | Медицинска сестра-помошник инструментарка | 2 | Експлантација/ Трансплантација | 6.600,00 |
| 7. | Медицинска сестра - Анестетичар | 2 | Експлантација/ Трансплантација | 8.000,00 |
| 8. | Болничар-транспортер | 2 | Експлантација/ Трансплантација | 3.000,00 |
| | ЈЗУ УК за трауматологија | | | |
| 1. | Доктор специјалист хирург по трауматологија | 1 хирург оператор<br>1 хирург прв асистент<br>1 хирург втор асистент | Експлантација/ еден прималел | 15.000,00 |
| 2. | Доктор специјалист хирург по трауматологија, доктор специјалист по анестезиологија | 1 хирург оператор<br>1 хирург прв асистент<br>1 хирург втор асистент<br>1 анестезиолог | Трансплантација | 15.000,00<br>8.000,00<br>8.000,00<br>15.000,00 |
| 3. | Медицинска сестра-инструментарка | 2 | Експлантација/ Трансплантација | 8.000,00 |
| 4. | Медицинска сестра-помошник инструментарка | 2 | Експлантација/ Трансплантација | 6.600,00 |
| 5. | Медицинска сестра - Анестетичар | 2 | Експлантација/ Трансплантација | 8.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6. | Болничар-транспортер | 2 | Експлантација/ Трансплантација | 3.000,00 |
| | ЈЗУ УК за дигестивна хирургија | | | |
| 1. | Доктор специјалист по абдоменална хирургија, доктор специјалист по анестезиологија | 2 хирург оператор, 2 хирург прв асистент, 2 хирург втор асистент | Експлантација/ Трансплантација | 15.000,00 |
| 2. | Специјалист по клиничка фармација | 1 | Трансплантација/еден примател | 8.000,00 |
| 3. | Медицинска сестра-инструментарка | 2 | Експлантација/ Трансплантација | 8.000,00 |
| 4. | Болничар-транспортер | 2 | Експлантација/ Трансплантација | 3.000,00 |
| 5. | Центар за трансплантација – медицински сестри | 6 | Еден примател | 5.000,00 |
| | УК за анестезија, реанимација и интензивно лекување (КАРИЛ) при ЈЗУ УК ТОАРИЛУЦ | | | |
| 1. | Центар за трасплантација – интензивно лекување- црн дроб –медицински сестри | 6 | Еден примател | 5.000,00 |
| 2. | Центар за трансплантација-интензивно лекување црн дроб - Анестезиолог | 3 | Еден примател | 15.000,00 |
| 3. | Анестезиолог- експлантација на бубрег/срце/црн дроб | 2 | Експлантација/ еден дарител | 15.000,00 |
| 4. | Анестезиолог- трансплантација на бубрег | 2 | Трансплантација/ два примати | 15.000,00 |
| 5. | Анестезиолог- трансплантација на црн дроб | 2 | Трансплантација/ еден примател | 15.000,00 |
| 6. | Перфузионист | 2 | Трансплантација/еден примател | 8.000,00 |
| 7 | Медицинска сестра-анестетичар експлантација на бубрег /срце /црн дроб | 2 | Експлантација / еден дарител | 8.000,00 |
| 8. | Медицинска сестра-анестетичар трансплантација на црн дроб | 1 | Трансплантација/ еден примател | 8.000,00 |
| 9. | Медицинска сестра-анестетичар-трансплантација на бубрег | 2 | Трансплантација/ два примати | 8.000,00 |
| 10. | Доктор специјалист по анестезиологија (подготовка на донор) | 1 | Трансплантација/ еден дарител | 15.000,00 |
| 11. | Медицинска сестра(подготовка на донор) | 2 | Трансплантација/ еден дарител | 4.000,00 |
| 12. | Болничар-транспортер(подготовка на донор) | 1 | Трансплантација/ еден дарител | 1.500,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 13. | Нутриционист | 1 | Трансплантација/ црн дроб/примател | 4.000.00 |
| | ЈЗУ УК за очни болести | | | |
| 1. | Доктор специјалист по очна хирургија,<br>специјалист по анестезиологија | 1 Оператор,<br>1 Анестезиолог | Трансплантација | 15.000,00 |
| 2. | Медицинска сестра-инструментарка | 1 | Експлантација/ Трансплантација | 8.000,00 |
| 3. | Медицинска сестра-помошник инструментарка | 1 | Експлантација/ Трансплантација | 6.600,00 |
| 4. | Медицинска сестра-анестетичарка | 1 | Експлантација/ Трансплантација | 8.000,00 |
| 5. | Болничар-транспортер | 1 | Експлантација/ Трансплантација | 3.000,00 |
| | ЈЗУ УК за државна кардиохирургија | | | |
| 1. | Доктор специјалист по кардиохирургија<br>Специјалист по анестезилогија | 2 оператори<br>2 прв асистент,<br>2 втор асистент<br>2 анестезиолози | Експлантација/ трансплантација | 15.000,00 |
| 2. | Доктор специјалист по васкуларна хирургија<br>Специјалист по анестезиологија | 2 хирурзи оператори<br>2 Анестезиолози | Еден примател<br>Еден дavател | 15.000,00 |
| 3. | Доктор специјалист по интерна медицина/доктор суспецијалист по кардиологија | 2 | Еден примател /еден дарител | 9.000,00 |
| 4. | Медицинска сестра-инструментарка | 2 | Експлантација/ Трансплантација | 8.000,00 |
| 5. | Медицинска сестра-помошник инструментарка | 2 | Експлантација/ Трансплантација | 6.600,00 |
| 6. | Перфузионист | 2 | Трансплантација | 8.000,00 |
| 7. | Медицинска сестра-анестетичарка | 2 | Експлантација/ Трансплантација | 8.000,00 |
| 8. | Специјалист клинички фармацевт | 1 | Трансплантација | 8.000,00 |
| 9 | Болничар-транспортер | 2 | Експлантација/ Трансплантација | 3.000,00 |
| 10. | Центар за трансплантација-интензивно лекување-анестезиолог | 2 | Трансплантација/еден примател | 15.000,00 |
| 11. | Центар за трансплантација-медицинскла сестра | 6 | Трансплантација/Еден примател | 5.000,00 |
| | ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија | | | |
| 1. | Доктор специјалист по трансфузиона медицина | 2 | Еден примател /еден дарител | 9.000,00 |
| 2. | Мед. лаборант | 2 | Еден примател /еден дарител | 3.000,00 |
| 3. | Биолози | 2 | Еден примател /еден дарител | 6.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Биолог –административна обработка на ХЛА типизација | 1 | Еден прималец /еден дарител | 4.000,00 |
| | ЈЗУ Универзитетски институт за радиологија | | | |
| 1. | Доктор специјалист по радиологија | 1 | Еден прималец /еден дарител | 9.000,00 |
| 2. | Радиолошки технолог | 1 | | 3.000,00 |
| 3. | Медицинска сестра | 1 | Еден прималец /еден дарител | 3.000,00 |
| | ЈЗУ УК за детска хирургија | | | |
| 1. | Доктор специјалист по хирургија, доктор специјалист по анестезиологија | 2 оператори<br>2 прв асистент,<br>2 втор асистент,<br>2 анестезиолог | Експлантација/ Трансплантација | 15.000,00 |
| 2. | Медицинска сестра-инструментарка | 2 | Експлантација/ Трансплантација | 8.000,00 |
| 3. | Медицинска сестра-помошник инструментарка | 2 | Експлантација/ Трансплантација | 6.600,00 |
| 4. | Медицинска сестра-анестетичарка | 2 | | 8.000,00 |
| 5. | Болничар-транспортер | 2 | Експлантација/ Трансплантација | 3.000,00 |
| 6. | Центар за трансплантација – медицински сестри | 6 | Трансплантација/еден прималец | 5.000,00 |
| | ЈЗУ УК за неврохирургија (подготовка на донор) | | | |
| 1. | Доктор специјалист по анестезиологија или неврохирургија | 1 | Трансплантација /еден дарител | 15.000,00 |
| 2. | Медицинска сестра | 2 | Трансплантација /еден дарител | 5.000,00 |
| 3. | Болничар-транспортер | 1 | Трансплантација /еден дарител | 1,500,00 |
| | ЈЗУ УК за неврологија Скопје (утврдување на мозочна смрт) | | | |
| 1. | Доктор специјалист по неврологија | 1 | Трансплантација | 9.000,00 |
| | ЈЗУ УК за респираторни заболувања кај децата „Козле“ | | | |
| 1. | Доктор Специјалист по педијатрија | 2 | Еден прималец | 9.000,00 |
| 2. | Медицинска сестра | 1 | Еден прималец | 3.000,00 |
| | ЈЗУ УК за торакална и васкуларна хирургија | | | |
| 1. | Доктор специјалист по торако-васкуларна хирургија, доктор специјалист по анестезиологија | 2 оператори<br>2 прв асистент<br>2 втор асистент,<br>2 анестезиолог | Експлантација/ Трансплантација | 15.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Медицинска сестра-инструментарка | 2 | Експлантација/ Трансплантација | 8.000,00 |
| 3. | Медицинска сестра-помошник инструментарка | 2 | Експлантација/ Трансплантација | 6.600,00 |
| 4. | Медицинска сестра-анестетичарка | 2 | | 8.000,00 |
| 5. | Болничар-транспортер | 2 | Експлантација/ Трансплантација | 3.000,00 |
| 6. | Центар за трансплантација – медицински сестри | 6 | Трансплантација | 5.000,00 |
| | ЈЗУ УК за детски болести | | Експлантација/ Трансплантација | |
| 1. | Доктор специјалист по педијатрија | 2 | Еден примател/ еден дарител | 9.000,00 |
| 2. | Медицинска сестра | 2 | Еден дарител/еден примател | 3.000,00 |
| | ЈЗУ Градска општа болница „8 Септември“ - Скопје | | | |
| 1. | Доктор специјалист хирург по ортопедија | 1 хирург оператор<br>1 хирург прв асистент<br>1 хирург втор асистент | Експлантација/ еден примател | 15.000,00 |
| 2. | Доктор специјалист хирург по ортопедија, доктор специјалист по анестезиологија | 1 хирург оператор<br>1 хирург прв асистент<br>1 хирург втор асистент<br>1 аснестезиолог | Трансплантација | 15.000,00<br>8.000,00<br>8.000,00<br>15.000,00 |
| 3. | Медицинска сестра-инструментарка | 2 | Експлантација/ Трансплантација | 8.000,00 |
| 4. | Медицинска сестра-помошник инструментарка | 2 | Експлантација/ Трансплантација | 6.600,00 |
| 5. | Медицинска сестра - Анестетичар | 2 | Експлантација/ Трансплантација | 8.000,00 |
| 6. | Болничар-транспортер | 2 | Експлантација/ Трансплантација | 3.000,00 |
| 7. | Тим за транспорт на коскени ткива | 1 хирург<br>1 медицинска сестра<br>1 болничар<br>1 шофер | Експлантација | 9.000,00<br>6.000,00<br>3.000,00<br>3.000,00 |
| | | | | |

9.2. Надоместокот за тимовите за трансплантација се исплаќа врз основа на доставените извештаи од ЈЗУ УК за урологија, ЈЗУ УК за дигестивна хирургија, ЈЗУ УК за гастроентерохепатологија, ЈЗУ УК за државна кардиохирургија, ЈЗУ УК за кардиологија, ЈЗУ УК за ТОАРИЛУЦ, УК за ортопедски болести при ЈЗУ УК ТОАРИЛУЦ, УК за трауматологија при ЈЗУ УК ТОАРИЛУЦ, ЈЗУ УК за очни болести, ЈЗУ УК за нефрологија, ЈЗУ УК за детски болести, ЈЗУ УК за неврохирургија, ЈЗУ УК за неврологија, ЈЗУ Универзитетски институт за радиологија, ЈЗУ УК за респираторни заболувања кај децата „Козле", ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија, ЈЗУ Градска општа болница „8 Септември" - Скопје.

10. Еднократна годишна награда за извршители на трансплантација на крвотворни матични клетки.

10.2. Висината на еднократен годишен надоместок за стимулација на тимот за трансплантација на крвотворни матични клетки изнесува:

| | Трансплантација на крвотворни матични клетки | | |
|---|---|---|---|
| | Здравствена установа/ Здравствен работник вклучен во трансплантација на хематопоетски матични клетки | Број на лица вклучени во трансплантација | Нето износ во денари |
| 1. | Доктор специјалист по интерна медицина; субспецијалист хематолог | 8 лекари на Оддел за трансплантација / 3 од Институт за имунобиологија и хумана генетика | 25.000,00 |
| 2. | Одговорна медицинска сестра | 1 | 12.000,00 |
| 3. | Медицинска сестра-на оддел/лаборант Институт за имунобиологија и хумана генетика | 8+2 | 8.000,00 |
| 4. | Болничар-транспортер | 3 | 3.000,00 |

10.2. Надоместокот за тимовите за трансплантација се исплаќа еднократно за учинок за сите интервенции реализирани во тек на годината врз основа на доставените извештаи од ЈЗУ УК за хематологија и Институт за имунобиологија и хумана генетика по спроведената 20та трансплантација.

11. Исплата на финансиски средства во износ од 30.000 денари, поврзани со починатото лице како донор заради растоварување на семејството на донорот од плаќање на погребалните трошоци (5 кадавера по 30.000,00 денари).

12. Уплата на годишна лиценца за користење на софтвер „Прометеус“ за работа на базата националниот регистер на доброволни дарители.

13. Уплата на годишна членарина во Европската група за трансплантација на матични клетки.

14. Уплата на годишна членарина во светската асоцијација за доброволни дарители на коскена срцевина.

15. Финансиски средства за организирање на настани за зголемување на јавната свест за значењето и придобивките од трансплантација на органи и промотивен материјал за органодарителство.

Табела: Обезбедени финансиски средства за реализација на дел од активностите предвидени со Програмата за трансплантација во Република Северна Македонија за 2026 година

| Ред. бр. | Активност | Извршител | Количина | Износ (во денари) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Финансиски средства за обука на здравствените и админстративни работници кои се вклучени во извршување на трансплантациите преку учество на обуки, конференции, конгреси и други видови на усовршување (котизација, сместување, превоз). Трошоци за ангажирање на стручни медицински лица кои доаѓаат од еминентни центри од странство од областа на трансплантологијата во јавните здравствени установи | ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија, Институт за имунобиологија и хумана генетика и други здравствени установи кои ги извршуваат другите лабораториски и дијагностички испитувања на потенцијалните приматели и на донаторите | 1 | 2.500.000,00 |
| 2. | 1. Обука на здравствените и административните работници кои се вклучени во извршување на трансплантациите преку учество на обуки, конференции, конгреси и стручни усовршувања во референтни европски центри за трансплантација.<br>2. Обука на тим за експлантација, трансплантација, анестезиолошки тим и тим за пред и пост оперативно водење на пациенти за трансплантација на бели дробови.<br>3. Обука на тим за трансплантација на пациенти со механичко срце, во Република Хрватска<br>4. Обука на тим од УК за ортопедски болести при ЈЗУ УК ТОАРИЛУЦ во делот на презервација на ткива и водење на ткивна банка.<br>5. Соработка на полето на едукација за реализација на ткивни банки. | Министерство за здравство | 20 | 500.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| 3. | Финансиски средства за исплата на надоместок за вршење на работите на националниот координатор за трансплантација | Министерство за здравство | 1 | 635.160,00 |
| 4. | Финансиски средства за исплата на надоместок за вршење на работите на заменикот на националниот координатор за трансплантација | Министерство за здравство | 1 | 444.612,00 |
| 5. | Центар за психолошка помош на лица со трансплантирани органи - ЈЗУ УК за нефрологија | Министерство за здравство | 2 | 144.000,00 |
| 6. | Финансиски средства за исплата на надоместок за вршење на работите на „болничките“ координатори | Министерство за здравство | 8 | 1.080.000,00 |
| 7. | Финансиски средства за исплата на надоместок за вршење на работите на лицата од Управата за електронско здравство - Мој Термин, одговорни за регистрите на пациентите со терминални бубрежни и срцеви заболувања, како и регистар за следење на трансплантирани пациенти | Министерство за здравство | 3 | 200.000,00 |
| 8. | Финансиски средства за исплата на лица ангажирани за вршење на стручнии административни работи во делот на Националните листи за транспнатција на бубрези, срце, црн дроб и коскени ткива од Јавните здравствени установи | Министерство за здравство | / | 712.800,00 |
| 9. | Финансиски средства за зголемување на нивото на мотивираност и задоволство на членовите на тимовите за трансплантација од починат донор-кадавер. Вклучување на трошоци за новите тимови за трансплантација на васкуларни ткива и бели дробови | Министерство за здравство | 10 | 4.000.428,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10. | Еднократна годишна награда за извршители на трансплантација на крвотворни матични клетки | Министерство за здравство | 10 | 383.000,00 |
| 11. | Исплата на финансиски средства во износ од 30.000 денари, поврзани со починатото лице како донор заради растоварување на семејството на донорот од плаќање на погребалните трошоци (10 кадавера по 30.000,00 денари) | Министерство за здравство | 10 | 300.000,00 |
| 12. | Уплата на годишна лиценца за користење на софтвер „Прометеус“ за работа на базата националниот регистар на доброволни дарители | Министерство за здравство | 1 | 744.000,00 |
| 13. | Уплата на годишна членарина во Европската Група за трансплантација на матични клетки | Министерство за здравство | 1 | 93.000,00 |
| 14. | Уплата на годишна членарина во светската асоцијација за доброволни дарители на коскена срцевина | Министерство за здравство | 1 | 163.000,00 |
| 15. | Финансиски средства за организирање на настани за зголемување на јавната свеста за значењето и придобивките од трансплантација на органи и промотивен материјал за органодарителство | Министерство за здравство | 2 | 100.000,00 |
| | ВКУПНО | | | 12.000.000,00 |

Програмата за трансплантација во Република Северна Македонија за 2026 година, ќе се реализира во обем и содржина соодветни на средствата обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година и тоа во висина од 12.000.000,00 денари.

V. ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 57-1073/9
24 февруари 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.